**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ИСТОРИЈА НА ЈУЖНОСЛОВЕНСКИТЕ КНИЖЕВНОСТИ И СОВРЕМЕНИ ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ КНИЖЕВНОСТИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-72/6 од 1.4.2016 година донесена на 132. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 1.4.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор наставник во сите звања за наставно-научните области *историја на јужнословенските книжевности* и *современи јужнословенски книжевности* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– Јасмина Мојсиева-Гушева, редовен професор на Институт за македонска литература на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, претседател;
– Ангелина Бановиќ-Марковска, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член;
– Виолета Димова, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 25.3.2016 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, универзитетски вонреден професор на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска** е родена во 1970 година во Гевгелија. Основно образование завршува во Гевгелија. Со средно образование се стекнува во Центарот за средно образование „Јосиф Јосифовски – Свештарот“ (културолошка насока) во Гевгелија. Во студиската 1988/1989 година се запишува на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Македонска и јужнословенски книжевности со македонски јазик, а дипломира во февруари 1993 година, стекнувајќи се со стручниот назив професор по македонска и јужнословенски книжевности со македонски јазик.

Во март 1993 година Караниколова се запишува на постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на групата Македонска книжевност. Во јули 1998 година, под менторство на проф. д-р Атанас Вангелов јавно го одбранува магистерскиот труд од областа на теоријата на книжевноста и наратологија со наслов „Детаљот во ‘Ана Каренина’ и ‘Пиреј’“, со што се здоби со стручен назив магистер по филолошки науки.

Во 2000 година кандидатката Караниколова пријавува тема за докторска дисертација на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје, исто така под менторство на проф. д-р Атанас Вангелов. Во јуни 2006 година јавно ја одбранува докторската дисертација на тема „Описот во прозата“, од областа на теоријата на книжевноста и наратологија, со што се здоби со стручен назив доктор по филолошки науки.

Во јули 2006 година, кандидатката Караниколова е избрана во звањето доцент (Одлука бр. 03-013 од 5.9.2006 г.) по предметот Техники на комуницирање на Факултетот за комуникологија при Европскиот универзитет - Република Македонија, од Матичната комисија за основање на Факултетот за комуникологија, во состав: д-р Тодор Тодоров, д-р Антониела Петковска и д-р Димитар Мирчев.

Во декември 2011 година се вработува на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип со звањето вонреден професор од наставно-научната област историја на јужнословенските книжевности (Универзитетски билтен бр. 71 од 1 декември 2011 година, Одлука бр. 2402-3/141 од 15.12.2011 година од 48. седница ННС на Филолошки факултет во Штип) на Катедрата за македонски јазик и книжевност и работи како вонреден професор по предметите Српска книжевност, Хрватска книжевност, Словенечка книжевност и Бугарска книжевност на наставната насока и Лингвостилистика 1 и Лингвостилистика 2 на применетата насока на оваа Катедра. На Катедрата за турски јазик и книжевност го предава предметот Јужнословенски книжевности во балкански контекст.

Кандидатката проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска во периодот од април 1997 до септември 1999 година работи како стручен соработник во Министерството за образование и наука на Република Македонија во Скопје, а од септември 1999 до септември 2007 година работи како средношколски професор по македонски јазик и литература во средното училиште „Раде Јовчевски -Корчагин“ во Скопје. Од септември 2006 до септември 2007 година работи како визитинг професор (доцент) на Факултетот за комуникологија на Европскиот универзитет во Скопје по предметите Македонски јазик 1 и Македонски јазик 2, а од 17 септември 2007 година стапува во редовен работен однос на овој Универзитет каде што предава повеќе предмети: Техники на комуницирање (Техники на усно и писмено изразување), Историја на цивилизацијата, Реторика и Стилистика.

Караниколова е автор на три книги: „Описот во прозата“ (2011), „Наратоструктури – читања“ (2012), „Детаљот во Ана Каренина и Пиреј“ (2013), три универзитетски учебници: „Техники на усно и писмено изразување“ (2010), „Прилози за јужнословенските литератури“ (2014), „Хрватска книжевност“ (2015), еден практикум (Практикум по хрватска книжевност). Автор е на 40-тина научни и стручни трудови од областа теорија на литература и јужнословенски литератури.

Учесник е и во научноистражувачкиот проект на тема „Литературолошките и културолошките истражувања и нивната функција во оспособувањето на студентите идни наставници“ (Проект на УГД). (Одлука бр. 1902-48/15 од 10.2.2016 год.), кој е во фаза на реализација.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

Вонреден професор од научната област во која се избира (15.12.2011 година, на Филолошки факултет во Штип, Одлука бр. 2402-3/141 од 48. седницата на ННС, одржана на 15.12.2011 година, Универзитетски билтен бр. 71 од 1.12.2011 година).

Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Луси Караниколова | Вербалниот детаљ во „Пиреј“ (За женскиот стенограматски говор) | СПЕКТАР, бр. 59, 2012 | XXX |
| 2 | Луси Караниколова | Категоријата простор во поезијата на Христо Ботев (Просторот во функција на менталитетот и идентитетот) | Книжевна академија Бр. 5-7, 2013 | XI |
| 3 | Луси Караниколова-Чочоровска | За категориите Исток и Запад во романите „Белата тврдина“ од Орхан Памук и „Зона Замфирова“ од Стеван Сремац | СПЕКТАР, бр.63, 2014 | XXXII |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Луси Караниколова-Чочоровска | Приказната за Силјан Штркот и македонската стварност | СПЕКТАР, бр. 64, 2014 | XXXII |
| 5 | Lusi Karanikolova-Cocorovska | FOR THE CATEGORIES EAST AND WEST IN THE STORIES „WHITE FORTRESS" BY ORHAN PAMUK AND „ZONA ZAMFIROVA" BY STEVAN SREMAC | HIKMET, br.25,2015/1 | XIII |
| 6 | Луси Караниколова-Чочоровска | Категорија простора у „Горском вијенцу" (простор у функции менталитета и идентитета) | Zbornik radova s medzunarodnog naucnog skupa Njegosevi dani 5, Niksik,2015 | VIII |
| 7 | Луси Караниколова | Метафората „земја" во „Дневник по многу години" | Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура", Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје, 2012 | XIII |
| 8 | Луси Караниколова | Историското и наративното време во романот „Под игото" од Иван Вазов | Зборник од Единаесетти славистички четенија, Софија, 2012 | XI |
| 9 | Луси Караниколова-Чочоровска | Женскиот менталитет во раскажувачката проза на Јосип Козарац (За љубовта, еротиката и сексуалноста во „Тена" и „Мира Кодолиќева") | Зборник на трудови од Македонско - хрватски книжевни, културни и јазични врски, 5, Скопје, 2014 | V |
| 10 | Луси Караниколова | Минижанрите во „Горски венец" (Исказите-формули како единици на културниот систем) | Зборник радова Меѓународни славистички собир Његошеви дани 4, Котор, Универзитет Црне Горе, Филозофски факултет, Никшиќ, 2013 | VI |

***Учествувал или раководел со научноистражувачки проект:***

- Учество во домашни проекти:
- Литературолошките и културолошките истражувања и нивната функција во оспособувањето на студентите идни наставници (проект на УГД). (Одлука бр. 1902-48/15, од 10.2.2016 год.)

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Луси Караниколова-Чочоровска од 1999 година до 2006 година работи како средношколски професор во Средното училиште на Град Скопје „Раде Јовчевски – Корчагин", како предметен професор по Македонски јазик и литература.

Од академската 2006/2007 година е избрана во доцент (Одлука бр. 03-013, од 5.9.2006 год.) по предметот Техники на комуницирање на Факултетот за комуникологија, наставно-научна област комуникологија, на Првиот приватен универзитет Европски универзитет –

Република Македонија. На овој Универзитет, Караниколова-Чочоровска работи до ноември 2011 година, каде што ги предава предметите: Техники на усно и пимено изразување, Македонски јазик 1, Македонски јазик 2, Македонски јазик 3, Македонски јазик 4, Историја на цивилизацијата, Семиотика и Реторика. На постдипломските студии на Факултетот за политички науки на истиот универзитет, Караниколова-Чочорвска ги предава предметите Стилистика и Реторика. На Факултетот за политички науки, Караниколова-Чочоровска е избрана за вонреден професор (Одлука бр. 0310/863, од 13.9.2011 година) по група предмети од областа политички науки.

Со Одлука бр. 2402-3/141 од Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при УГД-Штип од 16.12.2011 год., Универзитетски билтен бр. 71 од 1.12.2011 година, Караниколова-Чочоровска е избрана во вонреден професор за наставно-научнната област јужнословенски книжевности на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

На Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, на Катедрата за македонски јазик и книжевност, Караниколова-Чочоровска ги предава предметите:

– Српска книжевност – задолжителен предмет (наставна насока) (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016);
– Хрватска книжевност – задолжителен предмет (наставна насока) (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016);
– Словеначка книжевност – изборен предмет (наставна насока) (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016);
– Бугарска книжевност – изборен предмет (наставна насока) (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016);
– Лингвостилистика 1 – задолжителен предмет (применета насока) (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016);
– Лингвостилистика 2 – задолжителен предмет (применета насока) (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016);
– Српска и хрватска книжевност – изборен предмет (применетата насока) (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016);
– Словеначка и бугарска книжевност – изборен предмет (применета насока) (студиска 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016).

На Катедрата за турски јазик и книжевност го предава предметот Јужнословенски книжевности во балкански контекст – изборен предмет наставна насока (студиска програма 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016).

Освен тоа, во студиската 2012/2013 година на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип започна наставата за втор циклус студии, а Караниколова-Чочоровска беше вклучена како наставник со неколку предмети за вториот циклус студии:

- Реторика – задолжителен предмет (студиска 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година);
- Описот во современата македонска литература – изборен предмет (студиска 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 година);

Кандидатката проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, исто така, е ангажирана во наставата за трет циклус студии на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошки факултет во Штип што беше акредитирана за студиската 2015/2016 година и тоа со предметите:

- Дескриптивна наратологија - задолжителен предмет;
- Реторички вештини и техники на изразување – изборен предмет.

Освен тоа, за потребите на наставата на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошки факултет при УГД-Штип, Караниколова-Чочоровска има изработено два универзитетски учебника: „Прилози за јужнословенските литератури“, УГД, Штип, 2014 и „Хрватска книжевност“, УГД, Штип, 2015, како и „Практикум по хрватска книжевност“, УГД, Штп, 2015.

Проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска била ментор и член на комисија за одбрана на повеќе дипломски работи на студенти од Катедрата за македонски јазик и книжевност. Ментор е и на магистерски труд кој треба да се одбрани во текот на 2016 година, што ќе биде и првиот одбранет магистерски труд на оваа Катедра.

Исто така, кандидатката учествувала во оспособувањето на помлади соработници – демонстратори на Филолошкиот факултет, УГД-Штип, несебично помагајќи им и пренесувајќи ги своите знаења и искуства.

***Научноистражувачка дејност (оценка на научните, стручните и други остварувања на кандидатот што се релевантни за утврдување на условите за избор во звање редовен професор)***

Кандидатката проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска објавува научни и стручни трудови од 1998 година во домашни и странски научни и стручни списанија од областа на теоријата на книжевноста, јужнославистиката и културологијата, со особен интерес во поседните четири години кон врската меѓу литературата и теоријата на менталитетот. Во поголемиот број од нејзините трудови се доминантни теми од теоријата на книжевноста (наратологија и теорија на дескрипција) и јужнославистиката со што Караниколова-Чочоровска дава солиден придонес во унапредувањето на книжевно-теориската, книжевно-историската и книжевно-критичката мисла.

Кандидатката проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска учествува на меѓународни научни симпозиуми и конференции уште од 1998 година.

***Список на објавени научни трудови до последниот избор (во вонреден професор)***

1. Karanikolova, Lusi (1999) Описното рамниште во прозата на Конески. Придонесот на Блаже Конески за македонската култура, Посебно издание, Меѓународен научен собир, 17 и 18 декември 1998 година, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 1999 . pp. 283-298. ISSN 1409-8075/ http: //www.ugd.edu.mk;
2. Karanikolova, Lusi (2003) „Урбаниот“ детаљ во поезијата на Гане Тодоровски. Зборник на трудови во чест на Гане Тодоровски, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2003 . pp. 119-127. ISSN 9989-724-32-6 / http: //www.ugd.edu.mk;
3. Karanikolova, Lusi (2008) Фокусот на „ексцентричноста“ во расказите на Хулио Кортасар. Годишник на трудови, година I, број 1, Прв приватен универзитет, Европски универзитет-Република Македонија, Скопје, 2008. pp. 91-98. ISSN 1857-6117 / http: //www.ugd.edu.mk;
4. Karanikolova, Lusi (2008) Приказна(и) за судбините човечки. Зборник на трудови, Прв приватен универзитет, Европски универзитет-Република Македонија, Скопје, 2008. pp. 53-61. ISSN 978-9989184-75-8 / http: //www.ugd.edu.mk;
5. Karanikolova, Lusi (2009) Митот за Ахил или феноменот на исклучителното херојство. Годишник на трудови, Прв приватен универзитет Европски универзитет-Република Македонија, Скопје, 2009. pp. 351-359. ISSN 1857-6117 http: //www.ugd.edu.mk;
6. Karanikolova, Lusi (2010) Со „цвет“ за „цветот“. Зборник од научниот собир посветен на проф. д-р Атанас Вангелов (15-16.12.2009), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2010. pp. 221-229. ISSN 978-9989-724-89-3 http: //www.ugd.edu.mk;
7. Karanikolova, Lusi (2010) Дескриптивната микроструктура во романот „Див занес“ од Атанас Вангелов. Зборник на трудови од меѓународен македонистички собир, 29-31 август 2008. pp. 505-514. ISSN 978-9989-724-88-6 http: //www.ugd.edu.mk;
8. Karanikolova, Lusi (2010) Техники на усно и писмено изразување. Европски универзитет-Република Македонија, Скопје. ISBN 978-608-4574-27-9 http: //www.ugd.edu.mk;
9. Karanikolova, Lusi (2011) Интервју со поетот кој не успеа да умре (Реквием за Гане Тодоровски, последниот великан на македонската култура) Една година од смртта на Гане Тодоровски (1929-2010). Литературен збор 1 – 6, Скопје. pp. 131-136. ISSN 0024-4791 http: //www.ugd.edu.mk;

10. Karanikolova, Lusi (2011) За феноменот на „тврдоглавоста“ („македонизмите“ во романот „Тврдоглави“ од Славко Јаневски). Меѓународно списание на Институтот за македонска литература „Спектар“, бр.58, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје. pp. 426-432. ISSN 0352-2423 http: //www.ugd.edu.mk;
11. Karanikolova, Lusi (2011) Неподносливата „едноставност“ на таинственото (Кон ентитетите „тајна“ и „таинственост“ во расказите *Ковчег* и *Реквием за Рубина Фаин* од Славко Јаневски). XXXVII Научна конференција на XLIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура,(Охрид, 15-16 јули, 2010), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, 2011. pp. 271-279. ISSN 978-9989-43-305-4 http: //www.ugd.edu.mk;
12. Karanikolova, Lusi (2011) Описот во прозата. Авторско издание финансиски поддржано од Министерство за култура на РМ. ISBN 987-9989-57-745-1 (**книга**) http: //www.ugd.edu.mk.

***Трудови објавени меѓу двата избора (декември 2011 г. до март 2016 г.)***

**I – Објавени универзитетски учебници:**

1. Караниколова-Чочоровска, Луси (2014) „***Прилози за јужнословенските литератури“.*** Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Штип. ISBN 978-608-244-011-8 7059 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Универзитетскиот учебник „Прилози за јужнословенските литератури“ е наменет за студентите кои ги слушаат предметите Јужнословенски книжевности 1, 2, 3 и 4 (српска, хрватска, словенечка и бугарска) во петтиот, шестиот, седмиот и осмиот семестар за студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Учебникот брои 105 стр. во А4 формат, а содржи вкупно 11 обемни прилози, од кои четири се за содржини од српската, четири за хрватската, еден за словенечката, еден за бугарската книжевност и уште еден прилог што претставува компаративен приказ на балканскиот менталитет преку три текста (литературни дела) од македонската, српската и хрватската литература. Сите прилозите се работени според даден теориски модел, однапред дефиниран, така што по таков начин се нуди темелен увид не само во едно литературно дело на еден автор туку и во севкупниот негов опус. За анализа се одбрани репрезентативни автори и нивни дела од корпусот јужнословенски литератури.

2. Караниколова-Чочоровска, Луси (2015) **„Хрватска книжевност“,** Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, ISBN 978-608-244-180-1 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот**: Учебникот „Хрватска книжевност“ е наменет за студентите на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, кои во шестиот семестар на Катедрата за македонски јазик и книжевност го изучуваат предметот Хрватска книжевност. Учебникот е изработен според акредитираната програма по овој предмет и го опфаќа периодот од почетокот на 19 век, поточно од хрватската народна преродба или илиризмот, па сѐ до почетокот на 20 век, кога се случува хрватската модерна и нејзиниот прв и најзначаен претставник Антун Густав Матош.

**II Објавен практикум:**

3. Караниколова-Чочоровска, Луси (2015) „***Практикум по хрватска книжевност“.*** Univerzitet Goce Delcev, Stip. ISBN 978-608-244-181-8 33. ISSN 978-86-7798-083-2 7059 http: //www.ugd.edu.mk;

**Евалуација на трудот:** „Практикумот по хрватска книжевност“ е наменет за студентите што го слушаат предметот Хрватска книжевност во шестиот семестар на Катедрата за македонски јазик и литература, наставна насока, на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Текстот брои вкупно 106 страници, А4 формат и содржи вкупно 13 поглавја. Работен според предметната програма по предметот Хрватска книжевност, кој периодизациски го изучува хрватскиот литературен 19 век и неколку децении од 20 век. Тоа потично значи дека во ова учебно помагало (и во овој предмет) се изучува т.н. Нова хрватска книжевност, во кој заради важноста, но и заради периодот што

се изучува е додаден и основоположникот на хрватската модерна и еден од најголемите хрватски автори воопшто, Антун Густав Матош.

**III Објавени научни книги:**

4. Караниколова, Луси (2012) „***Наратоструктури-читања***“. „ГАЛИКУЛ“, Скопје. ISBN 978-608-65215-5-4 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот**: Оваа книга содржи голем дел од есеистичко-критички опус на кандидатката, остварен во период од 13 години (од 1998-2011). Станува збор за трудови со доминантно наратолошка ориентираност, што го подразбира и нејзиниот афинитет во посочениот период. Имено, таквата определба доаѓа од професионалната и научна преокупација на авторката/кандидатката Караниколова-Чочоровска (во оваа област таа магистрираше (1998) и докторираше (2006). Книгата има значаен придонес во развитокот на македонската критичка мисла.

5. Караниколова, Луси (2013) ***„Детаљот во 'Ана Каренина' и 'Пиреј'“.*** „Феникс“, Скопје, Скопје. ISBN 978-9989-33-634-8 (книга) http: //www.ugd.edu.mk;

**Евалуација на трудот**: Во книгата, што претставува модифициран магистерски труд на кандидатката, се третира прашањето на детаљот, како еден од досега најмаргинализираните наративни ентитети и тоа два романа: „Ана Каренина“ од Лав Н. Толстој и „Пиреј“ од Петре М. Андреевски. Оваа книга дава значаен придонес во сферата на теоријата на литературата, а особено во областа на наратологија – теоријата на прозата.

**IV Објавени трудови во меѓународни научни списанија:**

6. Караниколова, Луси (2011) ***„Има ли ден?! …за нив…и за нас (за поезијата на Кочо Рацин и музиката на Тоше Проески)“.*** Context 9, Review for Comarative Literature and Cultural Research, Институт за македонска литература, Скопје. pp. 115-121. ISSN 1857-7377 1 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Во оваа статија, во името на музиката и поезијата, се прави обид за поврзување на поезијата на основоположникот на современата македонска литература Кочо Рацин и музиката на прекрасниот и ненадминлив македонски музичар Тоше Проески. Допирна точка се стиховите од Рациновата „Печал“ и композицијата „Има ли ден за нас“ на Тоше, благодарение на што се отвора можност за споредба по однос на интимните и универзалните параметри што се сретнуваат во двете песни, кои пак го осигуруваат нивното „траење“ низ времето. Анализата потврдува дека времето во музиката и литературата, како временски уметности, може и да запре, но и да биде вечно-до крајот на времето! Пристапот кон овие две песни, по којзнае кој пат, го потврдува Рациновиот исклучителен поетски сензибилитет и неприкосновената интерпретација на „момчето со ангелски глас“ кој успеваше да му вдахне душа на сè што ќе отпееше. Анализата ја наметнува и дилемата: „Има ли ден за нас?“, во овие наши македонски, доцнотранзициски времиња кога сите тежнееме кон интегрирање во глобалните процеси на културните народи во Европа и светот. **(Трудот не е влезен во претходниот избор, види Универзитетски билтен на УГД бр.71 од 1.12.2011 г.)**

7. **„Вербалниот детаљ во 'Пиреј' (за женскиот стенограматски говор)“.** Меѓународно списание „СПЕКТАР“. pp. 60-69. ISSN 821.163.3-1.09 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Оваа статија ја третира проблематиката на детаљот во романот „Пиреј“ од Петре М. Андреевски. Вниманието е насочено кон литерарните подробности што партиципираат во конституирањето на ликот на Велика. Карактерот на нарацијата, линеарна од паралелен тип допушта конституирање на категорија „вербален“ детаљ. Како дел од поголема целина, опис или портрет (=опис на лик), детаљот се манифестира преку синегдотска операција, така што резултатот е-препознавање на т.н. „вербален“ детаљ, ентитет од идеална природа, што ѝ дава уникатен белег на женската стенограма во дискурсот на јас-раскажувачот. Трудот има несомнен придонес за наратолошкото проучување на книжевниот текст (=прозен).

8. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2013) **„Балканскиот менталитет и елементите на традицијата (за женскиот ’идентитет’ и ’менталитет’ во јужнословенските литератури)“**. Култура, Меѓународно списание за културолошки истражувања. pp. 203-210. ISSN 1857-7717 http: //www.ugd.edu.mk;

**Евалуација на трудот:** Во оваа статија се прави осврт на женскиот менталитет во разнородни текстови од јужнословенската литература: драмата „Бегалка“ на Васил Иљоски, романот „Зона Замфирова“ на Стеван Сремац, подолгиот расказ „Тена“ на Јосип Козарац. Преку „изолација“ на т.н. „елементи на традицијата“ што се однесуваат на сфаќањето на „женскоста“ се прави обид за „влез“ во културната меморија на балканските народи и нивниот менталитет во втората половина на 19 и почетокот на 20 век. Авторката во овој труд настојува да ги согледа сличностите и разликите во „менталитетот“ на „балканската“ жена и преку него слика на културните состојби во различните општествени средини меѓу јужнословенските народи. Трудот има значаен придонес во сферата на компаративното проучување на книжевниот текст.

9. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2013) **„Категоријата простор во поезијата на Христо Ботев (просторот во функција на менталитетот и идентитетот)“**. Книжевна академија. pp. 48-60. ISSN 1409-9438 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Оваа статија нуди едно можно читање на културолошката категорија простор во вкупно пет песни од поезијата на големиот бугарски поет Христо Ботев. Станува збор за своевиден аналитички третман на „просторноста“, најнапред преку изолирано а потоа и контекстуално толкување на оние литерарни ентитети што во текстот егзистираат како топоними, именки, придавки и синтагми со просторна конотација, а кои се однесуваат на менталитетот и идентитетот, бугарски и општочовечки. Статијата дава и хронолошки приказ на категоријата менталитет, од антиката до новото доба. Просторните сегменти, пак, кои ги прикажувам/толкувам во функција на менталитетот и идентитетот, најнапред се квантифицираат, а потоа и се квалификуваат во рамките на добро познатата слободарска ориентираност и отпор кон ропството во безвременската поезија на великанот на бугарската поезија од 19 век – Христо Ботев. Трудот има свој придонес во збогатувањето на книжевно-теориските проучување од сферата на јужнославистиката.

10. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2014) **„За категориите ’исток’ и ’запад’ во романите ’Белата тврдина’ од Орхан Памук и ’Зона Замфирова’ од Стеван Сремац“.** Спектар, 32 (63). pp. 87-95. ISSN 0352-2423 7059 http: //www.ugd.edu.mk;

**Евалуација на трудот:** Овој текст има културолошка проблематика и се занимава со проблематиката Исток – Запад во два романа: „Белата тврдина“ од Орхан Памук и „Зона Замфирова“ од Стеван Сремац. Станува збор за третман на овие два ентитета како засебни категории, според нивната фреквентност во романите, но и според нивното значење за културата на Истокот и културата на Западот. Целта е преку дефинирањето на тоа што во двата анализирани романа се третира за „источно“, а што за „западно“, да се укаже на потребата од надминување на разликите меѓу т.н. „два света“, кои се во суштина еден и единствен. Трудот има своевиден придонес во процесот на компаративнното проучување на книжевното дело, со акцент на проучување на врската меѓу литературата и менталитетот.

11. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2014) **„Приказната за Силјан Штркот и македонската стварност“.** Спектар, 32 (64). pp. 141-148. ISSN 0352-24237059 http: //www.ugd.edu.mk;

**Евалуација на трудот:** Оваа статија претставува своевиден обид за мистификација на приказната за Силјан Штркот, запишана од патријархот на македонскиот раскажувачки фолклор Марко Цепенков. Целта на статијата е преку третманот на „трагите на фолклорот во современата култура“ да се алудира на актуелните политички, економски и воопшто егзистенцијални „македонски состојби“ и, се разбира, да се даде сопствено видување во таа смисла. Трудот има своевиден придонес во сферата на компаративно поврзување меѓу фолклорот и современоста.

12. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2015) **For the categories `east` and `west` in the stories `White Fortress` by Ohran Pamuk and Zona Zamfirova by Stevan Sremac.** Hikmet, Journal of Scientific Reasearch, 13 (25). pp. 30-41. ISSN 1857-5935 7059 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Овој текст се занимава со проблематиката Исток – Запад во два романа: „Белата тврдина“ од Орхан Памук и „Зона Замфирова“ од Стеван Сремац. Станува збор за третман на овие два ентитета како засебни категории, според нивната фреквентност во романите, но и според нивното значење за културата на Истокот и културата на Западот. Целта е преку дефинирањето на тоа што во двата анализирани романа се третира за „источно“, а што за „западно“, да се укаже на потребата од надминување на разликите меѓу т.н. „два света“, кои се во суштина еден и единствен. Трудот нуди компаративен пристап кон два романа, проучувајќи го источниот и западниот менталитет и во таа смисла е значаен и неговиот придонес.

**V. Труд објавен во списание во странство:**

13. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2013) **„Има ли дан?!... за њих...и за нас О поезији Коче Рцина и музици Тошета Проеског“.** Градина, часопис за књижевност, уметност и културу. 55/56/57. ISSN 9770436261009 http: //www.ugd.edu.mk;

**Евалуација на трудот:** Во оваа статија, во името на музиката и поезијата, се прави обид за поврзување на поезијата на основоположникот на современата македонска литература Кочо Рацин и музиката на прекрасниот и ненадминлив македонски музичар Тоше Проески. Допирна точка се стиховите од Рациновата „Печал“ и композицијата „Има ли ден за нас“ на Тоше, благодарение на што се отвора можност за споредба по однос на интимните и универзалните параметри што се сретнуваат во двете песни, кои пак го осигуруваат нивното „траење“ низ времето. Анализата потврдува дека времето во музиката и литературата, како временски уметности може и да запре, но и да биде вечно-до крајот на времето! Пристапот кон овие две песни, по којзнае којпат, го потврдува Рациновиот исклучителен поетски сензибилитет и неприкосновената интерпретација на „момчето со ангелски глас“ кој успеваше да му вдахне душа на сè што ќе отпееше. Анализата ја наметнува и дилемата: „Има ли ден за нас?“, во овие наши македонски, доцнотранзициски времиња кога сите тежнееме кон интегрирање во глобалните процеси на културните народи во Европа и светот. Трудот има своевиден придонес во сферата на теоретското проучување на поезијата и нејзината врска со музиката.

**VI. Труд објавен во домашно научно списание:**

14. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2014) **„За традицијата и менталитетот во драмата ’Бегалка’ од Васил Иљоски“**. Литературен збор. ISSN 0024-4791 7059 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Оваа статија ги третира т.н. „елементи на традицијата“ во драмата „Бегалка“ од Васил Иљоски. Под „елементи на традицијата“ ги подразбираме оние ентитети кои служат за „прочит“ и тоа без особен напор, на обичаите, размислувањето и начинот на однесување, кои секако и повторно „традиционално“ треба да бидат во согласност со она „нашето“ - „што ќе речат луѓето“ (=јавното мислење). Станува збор за увид во оние, вкоренети во нашиот, „балкански“ менталитет непишани правила на културата на живеењето, а кои традицијата ги задржала во една потесна или поширока социјална и национална средина. Тие, „елементите на традицијата“, треба да ги покажат (и не мора да ги докажат) белезите на менталитетот на еден народ. Овој труд дава значаен придонес во проучувањето на врската меѓу традицијата и менталитетот.

**VII. Трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции:**

15. Karanikolova, Lusi (2011) **„Поетската елоквенција на Прличев и Мажураниќ (морфологија и семантика на два описни ентитета во ’Сердарот’ и ’Смртта на Смаил-ага Ченгиќ’)“. Zbornik radova s Međunarodnog znanstvenog skupa Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze održanog u Rijeci od 23.** do 25 ožujka 2011, Knjiga III, Filozofski fakultet. pp. 103-111. ISSN 987-953-6104-81-9 1 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Оваа статија ги става на показ градбата и значењето на две репрезентативни дескриптивни составки: „Хомеровскиот епитет“ во „Сердарот“ на Григор Прличев и именската метафора во „Смртта на Смаил-ага Ченгиќ“ на Иван

Мажураниќ. Текстот го „задоволува“ техничкиот услов - разложување и анализа на составот на ентитетите, а се претставува и начинот на реализација на семантичкиот аспект – во иманентниот контекст, преку постапката семиоза и, воопшто, процесот на нивна универзализација. Настојувањето е уште еднаш и по којзнае кој пат да се покаже и докаже автентичната поетска елоквенција на Прличев и Мажураниќ, двајцата „величественици“ на македонскиот и хрватскиот литературен 19 век. Клучни зборови: Хомеровски епитет, именска метафора, морфологија (=градба), семантика (=значење), семиоза (=трансформација на значење во смисла). Трудот дава придонес во областа на теоретското проучување на поезијата. (**Трудот не е влезен во претходниот избор, види Универзитетски билтен на УГД бр.71, од 1.12.2011 г.**)

16. Karanikolova, Lusi (2012) **„Метафората ’земја’ во ’Дневник по многу години’“**. Зборник на трудови од Меѓународниот научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“, Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2012. pp. 527-536. ISSN ISBN 978-608-234-016-6 http: //www.ugd.edu.mk

    **Евалуација на трудот:** Оваа статија ја третира метафората „земја“ во книгата со „кратки прозни скици“ „Дневник по многу години“ од Блаже Конески. Станува збор за „автономен“ тип метафора, која само делумно се подведува на елементарните теориски и теоретски определби. Метафората „земја“ на Блаже Конески е метафора-тријада или „протолкувана“ метафора. Загатната во насловот, таа еднаш се „расчленува“ на македонски (=„татковинска“ метафора) и уште еднаш по универзален принцип. Пристапот по однос на метафората земја е семантички и стилистички, така што се настојува да се покаже дека Конески долго и мошне добро го правеше она што ние најчесто го правиме и/или се обидуваме да го правиме во нашата македонска денешница: неизмерно ја љубеше „земјата македонска“ и беше одамна „идентитетски“ освестен. Трудот дава значаен придонес во областа на теоретското проучување на кратките раскажувачки текстови.

17. Karanikolova, Lusi (2012) **„Ема Бовари или: за ликотворечката функција на детаљот“**. Francuskiot jazik, knizevnost i kultura vo frankofonski kontekst (8). pp. 348-357. ISSN 978-608-234-015-9 http: //www.ugd.edu.mk;

    **Евалуација на трудот:** Оваа статија ја третира проблематиката на детаљот во романот „Госпоѓа Бовари“ од Гистав Флобер. Вниманието е насочено кон литерарната подробност што ја квалификува насловната херојка Ема Бовари. Третманот на категоријата детаљ, толку типичен за реалистичното писмо и особено за романите на Флобер покажува разновидност во својата ликотворечка функционалност. Се сретнува во неколку варијанти и тоа како: „материјален“, „напотребен“ и поретко како „вербален“. Третманот на детаљот, како дел од поголема целина, допушта длабока и темелна анализа на ликот, кој по дефиниција е зависен од природата на нарацијата. Трудот дава значаен придонес во областа на теоретското проучување на романескната нарација и нејзините подробни елементи.

18. Karanikolova, Lusi (2012) **„Историското и наративното време во романот ’Под игото’ од Иван Вазов“.** Зборник од Единаесетти славистички четения, София. pp. 322-330. ISSN 978-954-07-3458-3 http: //www.ugd.edu.mk

    **Евалуација на трудот:** Оваа статија ја третира проблематиката на наративното и историското време во романот „Под игото“ на Иван Вазов. Разгранетата нарација на романот допушта во неа да се препознаат неколку типови сижеа, во кои е запазен каузалниот принцип и присуството на т.н. „кардинални јадра“ (=стожерни наративни гнезда), според терминологијата на Ролан Барт. Романот „Под игото“ е подагтен за во него да се следи темпоралната категорија, по таков начин што, на подлогата на исклучително сложеното наративно време, се наоѓаат или подобро можат да се препознаат веродостојни историски моменти од еден од најзначајните периоди на бугарската револуцинерна историја. Наративното време е показател за раскажувачкото мајсторство на Вазов и влијанието на Виктор Иго во градењето на романескната структура, а историското на високите револуционерен набој на знаменитата епоха – пред ослободувањето. Трудот дава значаен придонес во областа на наративниот пристап кон романескниот текст, со акцент на категоријата – време.

19. Karanikolova, Lusi (2013) **„Македонски vis a vis српски менталитет (О ’елементима традиције’ у ’Бегалка’ Васила Иљоског и ’Зона Замфирова’ Стевана Сремца)“.** Зборник радова с међународног научног скупа Културе у дијалогу, Универзитет у Београду, Филолошки факултет, Београд. ISBN 978-86-6153-181-1. http: //www.ugd.edu.mk

    **Евалуација на трудот:** Оваа статија прави обид за интертекстуално препознавање на „елементите на традицијата“ во два разнородни книжевни текста - драмата „Бегалка“ од Васил Иљоски и романот „Зона Замфирова“ од Стеван Сремац. Компаративниот третман на изолираниот ентитет – традиција со типично „македонистички“ и „српски“ белези има за цел да ги покаже сличностите и разликите меѓу македонскиот и српскиот менталитетот – некогаш и сега. Во прилог на основната теза е и споредбената анализа на двата женски лика – Ленче Кумановче и Зона Замфирова, од гледна точка на категоријата - менталитет, односно традиција, и нивните траги во современата култура. Трудот дава значаен придонес во проучувањето на поврзаноста меѓу традицијата и менталитетот во едно литературно дело.

20. Karanikolova, Lusi (2013) **„Мини-жанрите во ’Горски венец’ (Исказите-формули како единици на културниот систем)“.** Зборник радова, Меѓународни славистички собир Његошеви дани 4, Котор, Универзитет Црне Горе, Филозофски факултет, Никшиќ, 2013. pp. 81-90. ISSN ISBN 978-86-7798-083-2 / 821.163.4.09-13 http: //www.ugd.edu.mk

    **Евалуација на трудот:** Оваа статија ја третира проблематиката на т.н. минижанри во „Горски венец“ на Петар Петровиќ Његош. Станува збор за исказите-формули, репрезентативни за поетската лексика на Његош и мошне „агресивни“ на синтаксички план (=ниво на рецепција), не според својот квантитет туку според способноста да функционираат како своевиден сематички трезор по однос на поширокиот контекст. Минижанрите во „Горски венец“ се однесуваат како „приказна во приказна“ (=La mise en abyme éclatée) или „приказна во распаѓање“ и тоа по таков начин што тие го „собираат“ текстот во порака, а пак текстот ја „разложува“ пораката. Исказите-формули располагаат со привилегијата-да ја стават на очиглед сликата на црногорскиот, словенскиот и балканскиот менталитет, некогаш и сега. По таков начин, минижанрот станува способен да се универзализира. Значен теориски труд, во кој акцентот е ставен на местото и значењето на т.н. „минижанри“ во еден подолг поетски текст.

21. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2014) **„Женскиот менталитет во раскажувачката проза на Јосип Козарац (За љубовта, еротиката и сексуалноста во ’Тена’ и ’Мира Кодолиќева’)“.** Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски, 5. pp. 443-454. ISSN 987-608-4744-00-9 7059 http: //www.ugd.edu.mk

    **Евалуација на трудот:** Оваа статија нуди еден (можен) „женски“ прочит на културолошката категорија „женски менталитет“ во расказите „Тена“ и „Мира Кодолиќева“ од Јосип Козарац. Станува збор за своевиден аналитички третман на „женскоста“ преку изолација и контекстуално толкување на ентитетите „љубов“, „еротика“ и „сексуалност“, најнапред хронолошки (антика, среден век и ново доба), а потоа и низ апострофираните раскази. Немам повисока амбиција освен субјективен оптикум по однос на два женски лика – Тена и Мира Кодолиќева и иманентините составки на женскоста – љубовта, како прогресивна категорија, еротиката/еротичноста, како состојба на сексуална возбуда или антиципирање како таква - нагласен сексуален импулс, желба, чувства кои антиципираат сексуална активност и сексуалноста како сексуален идентитет. Задднината на овој пристап кон „женскиот менталитет“ е, секако, тенденциозноста во русоовски манир карактеристична за поетиката на Јосип Козарац, поврзаноста со Земјата, како извор на добросостојба и благосостојба, но и како татковина и закрилничка. Трудот има своевиден, значаен придонес во процесот на препознавањето на т.н. „женски менталитет“ во раскажувачката проза.

22. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2014) **„Другата страна на реалноста (Стравот и надежта во „женските“ раскази на Иво Андриќ)“.** In: Наука и глобализација, 17-19 May 2013, Пале, Босна и Херцеговина. 7059 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Оваа статија се занимава со култоролошките категории страв и надеж, како белези на менталитетот во расказите „Елена жена што ја нема“, „Жена на каменот“ и „Жена од слонова коска“ од Иво Андриќ. Откако ќе бидат подложени на хронолошки третман – од антиката до новото доба, на овие ентитети им се пристапува како на наративни елементи кои циркулираат низ т.н. „женска“ раскажувачка проза на нобеловецот Андриќ. Станува збор за сеќавања, илузии и привиденија на жена или за жена, презентирани и манифестирани од машка нараторска дистанца, преку кои е можно да се насре во менталитетот не само на нашиот, балкански човек, туку и на хомосапиенсот отсекогаш и засекогаш. Целта е со нив и преку нив, уште еднаш и по којзнае кој пат, да се укаже на веќе пословичната филозофичност и „мислителност“ на големиот писател, но и на универзалноста на категориите страв и надеж, како израз на суштината на човековото постоење. Трудот има значаен придонес во теориското проучување на раскажувачката проза, со акцент на препознавањето на менталитетот и женскиот менталитет во неа.

23. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2015) **„Категорија простора у 'Горском вјенцу' (простор у функцији менталитета и идентитета)“.** Zbornik radova s medzunarodnog naucnog skupa Njegosevi dani 5, Niksik, 4-7 Sept, 2013. pp. 123-1 Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2015) Хрватска книжевност - учебник. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-180-17059 http: //www.ugd.edu.mk

    **Евалуација на трудот:** Оваа статија нуди едно можно читање на културолошката категорија простор во „Горски венец“ од Петар Петровиќ Његош. Станува збор за своевиден аналитички третман на „просторноста“, најнапред преку изолирано, а потоа и контекстуално толкување на оние литерарни ентитети што во текстот егзистираат како топоними, именки, придавки и синтагми со просторна конотација, а кои се однесуваат на менталитетот и идентитетот, црногорски и општочовечки. Статијата дава и хронолошки приказ на категоријата менталитет, од антиката до новото доба. Просторните сегменти, пак, кои ги прикажувам/толкувам во функција на менталитетот и идентитетот најнапред се квантифицираат, а потоа и се квалификуваат во рамките на добро познатата слободарска ориентираност на колосалната епска поема „Горски венец“ на великанот на црногорската култура Петар Петровиќ Његош. Трудот има значаен придонес во процесот на препознавањето на категоријата простор и нејзината татковинска семантика.

**VIII Трудови објавени во домашни зборници (Филолошки факултет –УГД – Штип):**

24. Karanikolova, Lusi (2012) **„За расказноста во лирски контекст (Кон „Ѓулабии“ на Станко Враз)“.** Годишен зборник 2012-Филолошки факултет, Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип. http: //www.ugd.edu.mk

    **Евалуација на трудот:** Во оваа статија се прави анализа на првата книга љубовна поезија на основоположникот на лирскиот израз во новата хрватска литература Станко Враз. Анализата дозволува во раскошниот лирски контекст да бидат нотирани елементи на расказност (=нарација). Тоа се должи помалку на влијанието на европскиот Запад и школата на романтизмот, а повеќе на настојувањето на поетот во автентичниот поетски интерес – да се изрази љубовта спрема Љубица Кантили, да бидат вметнати доминантните преокупации на иделогијата и поетиката на илиризмот – родољубието и словенофилството. Трудот има значаен придонес во сферата на теоријата на поезијата.

25. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2013) **„За традицијата и менталитетот во романот 'Зона Замфирова' од Стеван Сремац“.** Годишен зборник 2013 - Филолошки факултет, 4 (4). pp. 93-103. ISSN 1857-7059 http: //www.ugd.edu.mk

    **Евалуација на трудот:** Оваа статија ги третира т.н. „елементи на традицијата“ во романот „Зона Замфирова“ од Стеван Сремац. Под „елементи на традицијата“ ги подразбираме оние ентитети кои служат за „прочит“ и тоа без особен напор на обичаите, размислувањето и начинот на однесување, кои секако и повторно „традиционално“ треба да бидат во согласност со она „нашето“ - „што ќе речат луѓето“ (=јавното мислење). Станува збор за увид во оние, вкоренети во нашиот, „балкански“ менталитет непишани правила на културата на живеењето, а кои традицијата ги задржала во една потесна или поширока социјална и национална средина. Тие, „елементите на традицијата“, треба да ги покажат

(и не мора да ги докажат) белезите на менталитетот на еден народ. Трудот има значаен придонес во проучувањето на врската меѓу традицијата и менталитетот.

26. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2015) Семантиката на јазикот во рубриката „Сакам да кажам“ во дневниот весник „Вест“. Годишен зборник 2015-Филолошки факултет. pp. 21-29. ISSN 1857-7059 7059 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Овој труд ја прикажува семантиката на јазикот во македонскиот дневен печат, т.е. скриените пораки и кодови коишто претставуваат важна компонента во еден текст на која треба да се обрне поголемо внимание при читањето. Преку конкретни примери во рубриката „Сакам да кажам“ која излегува во печат во дневниот весник „Вест“ е направена анализа на симболите и знаците коишто ги содржи еден текст, како и анализа на стилот на авторот. Авторот Горан Михајловски преку неговата рубрика „Сакам да кажам“ гради слика, поточно ја пресликува реалната состојба во којашто ние денес живееме. За скриената порака што тој ја пренесува да биде правилно сфатена и да се направи разлика меѓу буквалното и преносното значење читателот треба да поседува некои основни знаења од областа на семантиката која придонесува толкувањето да биде успешно спроведено. Трудот има значаен придонес во сферата на комуникологијата.

27. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2015) **„Портретирање преку дескрипција (За портретите на Францка и Лојзе во романот ’На пругорнината’ од Иван Цанкар)“**. Годишен зборник 2015 Филолошки факултет. pp. 131-141. ISSN 1857-7059 7059 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Оваа статија се занимава со третман на ликовите, односно портретите на мајката Францка и синот Лојзе од романот „На пругорнината“ од Иван Цанкар. Станува збор за теориски приод кон овие категории, така што се прави разлика меѓу ликот и портретот, за потоа да се укаже на нивната поврзаност и (можна) произлезеност од описот, како засебен наративен ентитет. Всушност, белезите на ликовите до кои се доаѓа преку класичните постапки на портретирање упатуваат на цврстата поврзаност со дескрипцијата во овој роман. Трудот има значаен придонес во теориско-литераното проучување на подлг наративен текст, од гледна точка на теоријата на дескрипција.

28. Karanikolova-Cocorovska, Lusi (2015) **„Дескриптивните ’слики’ во романот ’Селидби’ од Милош Црњански“.** Годишен зборник 2015-Филолошки факултет. pp. 197-207. ISSN 1857-7059 7059 http: //www.ugd.edu.mk

**Евалуација на трудот:** Оваа статија се занимава со третман на категоријата опис во романот „Селидби“ од Милош Црњански. Темелно се анализира т.н. категорија „чист“ опис, што подразбира опис без присуство на наративни елементи. Се обрнува внимание и на полабилните описни ентитети, како што се „наративизираниот“ и т.н. опис-супстантивизиран предикат. Не се пропушта ниту описот што имплицира реален и просторен ефект, т.е. таков што би требало да предизвика референцијална илузија. Целта на статијата е да се покаже дека смислата на романот може да се допре и преку дескрипцијата, а не само преку нарацијата, а што се должи на долгото запоставување на описот како рамноправен ентитет на наративното писмо. Клучни зборови: дескрипција, нарација, расказ, лик, портрет. Трудот има значаен придонес во теориско-литераното проучување на подолг наративен текст, од гледна точка на теоријата на дескрипција.

**IX Учество на меѓународни научни конференции**

29. Меѓународен симпозиум по повод 65 години студии по француски јазик и книжевност, Францускиот јазик, литература и култура во франкофонски контекст, Скопје, 12-13 декември 2011 **(не е влезен во претходниот избор - датумот се совпаѓа со одлуката за избор во вонреден професор)**

**Евалуација на излагањето:** Секциското излагање на Караниколова на оваа меѓународна конференција се однесуваше на анализа на детаљот, како наративен ентитет во знаменитиот роман „Госпоѓа Бовари“ од францускиот писател Гистав Флобер. Вниманието беше насочено кон литерарната подробност што ја квалификува насловната херојка Ема Бовари. Третманот на категоријата детаљ, толку типичен за реалистичното писмо и особено за романите на Флобер, покажува разновидност во својата ликотворечка функционалност. Се сретнува во неколку варијанти и тоа како: „материјален“, „напотребен“ и поретко

како „вербален". Третманот на детаљот, како дел од поголема целина, допушта длабока и темелна анализа на ликот, кој по дефиниција е зависен од природата на нарацијата. Трудот подоцна е објавен во посебен зборник.

30. Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура", Скопје, 15-16 декември 2011 (по повод 90 год. од раѓањето на Конески) **(не е влезен во претходниот избор - датумот се совпаѓа со одлуката за избор во вонреден професор)**

**Евалуација на излагањето:** Секциското излагање на Караниколова на оваа меѓународна научна конференција претставува своевиден прилог кон продонесот на академик Блаже Коннески за македонската култура, така што се осврнува кон испитување на метафората „земја" во неколку раскази (прилози) од книгата на Конески „Дневник по многу години". Излагањето имаше за цел да ја истакне поврзаноста на авторот со родната земја. Трудот е објавен во посебен зборник од научната конференција.

31. 11-ти славистички четенија, Времето и историјата во словенските јазици, литератури и култури, Софија, Бугарија, 19-21.4.2012

**Евалуација излагањето:** На оваа реномирана научна конференција што секоја втора година се одржува на Факултетот за словенски филологии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Софија, Република Бугарија, Караниколова учествуваше со секциското излагање на тема „Историското и наративното време во романот 'Под игото' од Иван Вазов". Придонесот на ова излагање е во дистинкцијата што е направена меѓу историското vis a vis наративното време во романот на еден од најзначајните бугарски писатели од 19 век. Трудот е објавен во посебен зборник од конференцијата.

32. Осма Македонско-северноамериканска конференција, Охрид, 7-8.7.2012 год.

**Евалуација на излагањето:** На оваа меѓународна конференција Караниколова го презентираше секциското излагање на тема „Приказната за Силјан Штркот и македонската стварност", како своевидна мистификација на најдолгата македонска народна приказна и поврзување на некои аспекти од приказната со актуелната стварност. Трудот е објавен во 2014 г. во Меѓународното научно списание „Спектар".

33. Галичка книжевна колонија, Галичник, 10-12.8.2012 (Меѓународен симпозиум на тема „ПОЕЗИЈАТА И СУДБИНАТА")

**Евалуација на излагањето:** Во рамките на културната манифестација под покровителство на Министерството за култура на Република Македонија – „Галичка колонија" што секоја година се одржува во Галичник редовно се одржува и меѓународен научен симпозиум. На овој симпозиум, кој во 2012 г. имаше тема „Поезијата и судбината", Караниколова зеде учество со секциското излагање на тема „Судбинската енергија на поетската реч", со компаративен осврт на поезијата на Гане Тодоровски, Атанас Вангелов и Тодор Чаловски. Со овој труд, Караниколова прави обид за приказ на судбинската поврзаност на поезијата на поетот со неговиот живот, карактер и судбина, преку примерот со поезијата на Гане Тодоровски, Атанас Вангелов и Тодор Чаловски. Се поаѓа од тезата дека поезијата е судбина за поетот, дека поезијата „личи" на поетот, на неговиот живот, дека таа дури и знае да го предодреди патот на поетот, за потоа, тоа да се аплицира и анализира преку одбрани стихови од поезијата на овие тројца македонски поети. Овде не се застапува ставот дека од судбината зависи животот и поезијата на поетот, туку емпириски потврдената вистина дека личноста на поетот ја „обликува" и неговата поезија. Во таа смисла се даваат и субјективни впечатоци по однос на личноста на овие поети, заедно со соодветен коментар каде што тие „елементи на личноста" се наоѓаат во нивната поезија. Трудот не е објавен.

34. Меѓународна научна конференција „Дијалог меѓу културите", Белград, 28-30.9.2012 г.

**Евалуација на излагањето**: На оваа реномирана меѓународна научна конференција што секоја година се одржува на Филолошкиот факултет во Белград, Република Србија, Караниколова учествуваше со секциското излагање на тема „Елементите на традицијата во драмата '*Бегалка*' од Васил Иљоски и романот '*Зона Замфирова*' од Стеван Сремац". Рефератот имаше за цел да се укаже на сличностите и разликите меѓу книжевните елементи на традицијата во двата посочени текста и преку нив да се направи увид во менталитетот

на двата народа-македонскиот и српскиот. Трудот е објавен во посебен зборник од конференцијата.

35. Научен собир по повод денот на факултетот (Научни скуп поводом дана факултета), „Наука и глобализација“, Универзитет на Источно Сараево, Филозофски факултет, Пале, 17-19 мај, 2013

**Евалуација на излагањето:** На оваа меѓународна конференција што ја организира Филозофскиот факултет од Пале, Република Српска, Караниколова зеде учество со секциското излагање на тема „Другата страна на реалноста (Стравот и надежта во ’женските’ раскази на Иво Андриќ)“. Овде таа се занимава со култоролошките категории страв и надеж, како белези на менталитетот во расказите „Елена жена што ја нема“, „Жена на каменот“ и „Жена од слонова коска“ од Иво Андриќ. Станува збор анализа на сеќавања, илузии и привиденија на жена или за жена, презентирани и манифестирани од машка нараторска дистанца, преку кои е можно да се наѕре во менталитетот не само на нашиот, балкански човек, туку и на хомосапиенсот отсекогаш и засекогаш. Целта е со нив и преку нив уште еднаш и по којзнае кој пат да се укаже на веќе пословичната филозофичност и „мислителност“ на големиот писател, но и на универзалноста на категориите страв и надеж, како израз на суштината на човековото постоење. Трудот е печатен во посебен зборник на Конференцијата.

36. Меѓународен научен собир „Његошеви дани V“, 4-8.09.2013, Никшиќ - Котор

**Евалуација на излагањето:** На овој Меѓународен славистички собир што во организација на Филозофскиот факултет во Никшиќ, Република Црна Гора, се одржува секоја втора година, Караниколова зеде учество со секциското излагање на тема „Категоријата простор во *Горски венец*“. Излагањето беше во насока на утврдување на просторните ентитети во поемата, за преку нив да се изрази менталитетот и идентитетот на црногорскиот народ, а преку него и на сите мали народи во светот. Трудот е објавен во посебен зборник од научниот собир.

37. Прва интернационална конференција на Центарот за култура и културолошки студии „Културна меморија“, Центар за култура и културолошки студии, 5-7.9.2013, Скопје

**Евалуација на излагањето:** На оваа Меѓународна научна конференција Караниколова зеде учество со секциското излагање на тема „Балканскиот менталитет и елементите на традицијата (За женскиот ’идентитет’ и ’менталитет’ во јужнословенските литератури“. Караниколова овде прави осврт на женскиот менталитет во разнородни текстови од јужнословенските литератури: драмата „Бегалка“ на Васил Иљоски, романот „Зона Замфирова“ на Стеван Сремац, подолгиот расказ „Тена“ на Јосип Козарац. Преку „изолација“ на т.н. „елементи на традицијата“ што се однесуваат на сфаќањето на „женскоста“, прави обид за „влез“ во културната меморија на балканските народи и нивниот менталитет во втората половина на 19 и почетокот на 20 век. Настојувањата (и очекувања) се сведуваат на согледување на сличностите и разликите во „менталитетот“ на „балканската“ жена и преку него слика на културните состојби во различните општествени средини меѓу јужнословенските народи. Трудот е објавен во Меѓународното научно списание „Култура“, во 2013 година.

38. IV меѓународен научен собир „Македонско-хрватски книжевни, јазични и културни врски“, Охрид, 27-29.9.2013 год.

**Евалуација на излагањето:** На оваа значајна меѓународна конференција што се одржува секоја втора година во Македонија или Хрватска, Караниколова зеде учество со секциското излагање на тема „Женскиот менталитет во раскажувачката проза на Јосип Козарац (За љубовта, еротиката и сексуалноста во ’Тена’ и „Мира Кодолиќева)“. Рефератот има колку женска толку и татковинска интенција, така што се прави своевиден аналитички третман на „женскоста“ преку изолација и контекстуално толкување на ентитетите „љубов“, „еротика“ и „сексуалност“. Овие категории се испитуваат најнапред хронолошки (антика, среден век и ново доба), а потоа и низ апострофираните раскази, за по таков начин да се дојде до поставената цел – преку „женскиот менталитет“ до тенденциозноста - во русоовски манир карактеристична за поетиката на Јосип Козарац: поврзаноста со Земјата, како извор на добросостојба и благосостојба, но и како татковина и закрилничка.

39. Втора интернационална конференција на Центарот за култура и културолошки студии „Медуми: Теорија и практика“, 4-6 септември 2014 година, Скопје

**Евалуација на излагањето:** На оваа Меѓународна научна конференција Караниколова-Чочоровска зеде учество со секциското излагање на тема „Уште еден пристап кон ’Сомнително лице’ – текст и театар“, во кое се осврнува и на текстот и на претставата на комедијата „Сомнително лице“ од Бранислав Нушиќ, што се игра во Македонскиот народен театар во Скопје. Иако станува збор за драмски текст од втората половина на 19 век, современата актуелизација на темата за сомнителното лице ѝ дава нова димензија на претставата. Станува збор за споредбен пристап меѓу текстот и претставата, така што се истакнуваат сличностите и разликите меѓу текстот и неговото визуелизирање на сцена, како и за сличностите и разликите во менталитетот македонски, српски и балкански, некогаш и сега. Трудот сè уште не е објавен.

40. Меѓународен научен собир „Његошеви дани VI“, 26-29.8.2015, Никшиќ – Херцег Нови

**Евалуација на излагањето:** На овој Меѓународен научен собир што секоја втора година се одржува во организација на Филозофскиот факултет во Никшиќ, Црна Гора, Караниколова-Чочоровска зеде учество со секциското излагање на тема „Минливоста и вечноста во Његошевиот ’Горски венец’ (Времето како белег на менталитетот)“, во кој се осврнува на категоријата време и негова анализа, потпирајќи се на Платоновата дистинкција меѓу Chronos и Aion. Се анализира статистички немерливата величина – време, како минливо и вечно, преку изолација на оние синтагми од ова дело кои содржат глагол или барем прилог за време. По таков начин се прави обид да се „измери“ кои од анализираните ентитети можат да се класифицираат како минливост, а кои како вечност. Целта на излагањето е преку категоријата време да се укаже на слободарскиот менталитет и по којзнае кој пат да се потврди универзалната димензија на Његошевата херојска поема. Трудот сè уште не е објавен.

41. Трета интернационална научна конференција на Центарот за култура и културолошки студии „Идентитет и култура“, 3-5 септември 2015 година, Скопје.

**Евалуација на излагањето**: На оваа Меѓународна научна конференција, Караниколова-Чочоровска зеде учество со секциското излагање на тема „За женскиот менталитет и идентитет во расказот ’Свената роза’ од Бора Станковиќ“ во кое се анализира културолошката категорија „женски менталиетет“. Караниколова-Чочоровска тоа го прави преку „изолација“ на т.н. „елементи на традицијата“ што се однесуваат на сфаќањето на „женскоста“, заедно со традиционалниот и патријархалниот оптикум по однос на жената воопшто каков што се нуди во ова извонредно четиво. Овде се прави обид за согледување на менталитетот и идентитетот на жената на овие наши балкански простори. Трудот сè уште не објавен.

42. Прва меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ – филологија, култура и образование, Филолошки факултет – Штип и Филолошки факултет Вороњеж, Руска Федерација, Штип, 18-19.3.2016 год., Штип

**Евалуација на излагањето:** На оваа прва Меѓународна научна конференција што Филолошкиот факултет во Штип ја организираше во соработка со Филолошкиот факултет во Вороњеж, Руска Федерација, Караниколова-Чочоровска зеде учество со секциското излагање на тема „Женскиот идентитет и менталитет на една руска и една македонска Ана (или: За родовата ’другост’ на Толстоевата Ана Каренина и на Ана од Јован Котески)“. Излагањето има цел да даде придонес во областа на ксенологијата, по таков начин што се коментира „женскиот“ идентитет или другоста во рускиот роман и во македонската песна, од машка позиција (авторитативниот раскажувач и поетскиот субјект, алијас поетот), а преку тоа и обид да се препознаат своевидни белези на рускиот, односно македонскиот менталитет. Женски, во секој случај. Трудот сè уште не е објавен.

**X. Студиски престој во Дубровник, Република Хрватска**

43.Славистичка школа, Дубровник, 19.8. – 1.9.2012 г.

**Евалуација на престојот:** Караниколова реализираше двонеделен студиски престој во Дубровник, учествувајќи на т.н. Загрепска славистичка школа или школа за слависти од целиот свет. Имено, Караниколова доби стипендија од Министерството за образование и

спорт на Република Хрватска, како професор по Нова и Современа хрватска книжевност. Школата подразбира двоседмична посета на предавања за усовршување на хрватскиот јазик, како и предавања за автори од хрватската литература.

**XI. Учество во домашен научноистражувачки проект:**

44. Литературолошките и културолошките истражувања и нивната функција во оспособувањето на студентите идни наставници. (Проект на УГД) (Одлука бр. 1902-48/15, од 10.2.2016 год.)

**Евалуација:** Кандидатката Караниколова-Чочоровска е учесник во научноистражувачкиот проект на тема „Литературолошките и културолошките истражувања и нивната функција во оспособувањето на студентите идни наставници", при што во заедничката соработка со колеги-професори од Филолошкиот факултет, УГД-Штип, таа е задолжена за изработка на оној дел од проектот што ги зафаќа јужнословенските литератури. Имено, во проектот кој веќе втор семестар се реализира преку анкетирање и работа со студенти, Караниколова-Чочоровска работи на проблематиката за врската меѓу литературата и менталитетот (односно претставници од јужнословенските литератури – српска, хрватска, словенечка и бугарска), преку изолација на т.н. елементи на традицијата во одделни дела од јужнословенските литератури.

**XII. Рецензент и член на рецензентска комисија за избор во звање**

45. Рецензент за издавање рецензирана скрипта под наслов „Наратологија" од авторот Ранко Младеноски (Одлука бр. 2402-153/16, од 22.5.2012 год., од 61. седница на ННС на Филолошкиот факултет-Штип).
46. Рецензент за издавање на електронска рецензирана скрипта под наслов „Теорија на поезијата" од Ранко Младеноски (Одлука бр. 2402-5817 од 19.2.2014 год., од 100-та седница на Филолошкиот факултет, Штип).
47. Рецензент за издавање е-практикум со наслов „Практикум по наратологија" од Ранко Младеноски (Одлука бр. 1902-44/15 од 4.2.2015 год.) од 117. седница на Филолошкиот факултет-Штип).
48. Член на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области теорија на книжевноста и Македонска книжевност XX век на Филолошкиот факултет, Штип (Одлука бр. 1902-153/6 од 28.10.2015 год.).

**XIII. Завршна евалуација на наставно-образовната и научноистражувачката дејност на проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска**

Од приложениот список на објавени трудови и на извршени активности во последните пет години и од евалуацијата на секој труд и на секоја активност одделно може да се забележи дека проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска објавила голем број мошне значајни наставно-педагошки и научни трудови. Двата универзитетски учебника и практикумот, мноштвото предмети во наставата во прв, втор и трет циклус, поголемиот број трудови објавени во меѓународни научни списанија и публикации, како и во домашни научни и стручни списанија, учеството на меѓународни научни конференции и во еден проект покажуваат дека проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска во периодот од изборот во вонреден професор до денес реализирала мошне плодотворна наставно-педагошка и научноистражувачка дејност со што дала свој значаен придонес во унапредувањето на книжевно-теориската, книжевно-историската и книжевно-критичката мисла, но и во развојот на наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип, а со тоа и на Универзитетот „Гоце Делчев" како интегриран универзитет.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска уште со доаѓање на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип во декември 2011 година беше активно вклучена во подготовувањето и креирањето на наставните програми за прв циклус студии. Во периодот од 2011 година до денес Караниколова-Чочоровска беше вклучена во работата на бројни тела и комисии на Филолошкиот факултет во

Штип и на Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, со што даде свој несомнен придонес во унапредувањето на организациско-развојната дејност на Филолошкиот факултет во Штип.

**I. Учество и членување во факултетски тела**

49. **Раководител на Катедрата за македонски јазик и книжевност** на Филолошкиот факултет – Штип (Одлука бр. 2402-153/19 од 22.5.2012 од ННС на Филолошкиот факултет во Штип).
50. **Член на Наставно-научен совет на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип** (Одлука бр. 1902-136/4 од 14.9.2015 година од ННС на Филолошкиот факултет во Штип);
51. **Член на конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус студии** на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за учебната 2013/2014 година.
52. **Член на комисија за изработка на елаборат за студиски програми за втор циклус студии на Филолошки факултет** (Одлука бр.2402-139/12, од 16.5.2012 година).

**II. Членување во универзитетски тела**

53. **Член на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев**“ – Штип (Одлука бр. 1902-52/5 од 25.2.2015 год.од ННС на Филолошки факултет-Штип).

**III. Членување во владини тела**

54. **Член на Националната комисија за учебници од редот на високообразовните и научните установи од областа на јазиците** при Министерството за образование и наука на Република Македонија (Решение бр. 24-7521/1 од 7.7.2015 година, од Влада на Република Македонија).

И на ваков начин, со својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност, кандидатката проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска дава свој придонес за натамошниот развој на Филолошкиот факултет и на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за кандидатката, членовите на Рецензентската комисија со огромно задоволство заклучуваат дека проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска во целост ги исполнува сите суштински и законски критериуми за избор во повисоко наставно-научно звање предвидени со Законот за високото образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, како и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип (Универзитетски гласник бр. 33 од јуни 2015 година). Имено, како што може да се види од предочените факти погоре, проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска има 18-годишно наставно искуство, од кои 10 години во високото образование, а 5 години на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип. Во периодот меѓу двата избора има објавено два универзитетски учебника и еден рецензиран практикум, две научни книги, како и бројни трудови во меѓународни, во странски и во домашни научни списанија и публикации. Кон тоа треба да се приложи и активното учество на кандидатот на меѓународни научни конференции. Сето тоа покажува дека кандидатот проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска постигнала завидни резултати во изборниот период од 2011 година до денес во трите клучни области и дејности наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научните области историја на јужнословенските книжевности и современи јужнословенски книжевности.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест едногласно и со задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот Гоце Делчев од Штип **да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип** за кандидатката проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска да ја избере за наставник во звање редовен професор за **наставно-научните области историја на јужнословенските книжевности и современи јужнословенски книжевности.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Јасмина Мојсиева-Гушева, редовен професор, претседател, с.р.**
**Ангелина Бановиќ-Марковска, редовен професор, член, с.р.**
**Виолета Димова, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

(Табела за вреднување на активностите на проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска во изборниот период од 15.12.2011 до 25.3.2016 година, според критериумите дадени во Правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип)

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање вонреден професор, Одлука бр. 2402-3/141 од 15.12.2011 од 48. седницата на ННС, одржана на 15.12.2011 година, Универзитетски билтен бр. 71 од 1.12.2011 година) | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО:** | | | | | 40 |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| 1. | Монографија или научна книга (научни и стручни и книги) **Трудови со реден број 1, 2, 3, 4, 5** | 5 | 10 | | | 50 |
| 2. | Трудови (научни книжевно-теориски интерпретации) објавени во меѓународни научни списанија (СЦИ/ЦА/останати) **Трудови со реден број 6, 7, 8, 9, 10, 11,12** | 7 | 6 | | | 42 |
| 3. | Трудови објавени во домашни и странски научни списанија и во домашни годишни зборници (СЦИ/ЦА/останати) **Трудови со реден број. 13, 14, 24, 25, 26, 27, 28** | 6 | 3 | 1 | 3 | 21 |
| 4. | Трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции **Трудови со реден број 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23** | 4 | 1 | 5 | 1 | 9 |
| 5. | Учество (секциско предавање) на меѓународни научни конференции **Активности број 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42** | 9 | 2 | 5 | 4 | 38 |
| 6. | Учество во научен проект **Активност број 44** | 1 | 2 | | | 2 |
| 7. | Струдиски престој во странство **Активност број 43** | | | 1 | 8 | 8 |
| 8. | Рецензент на научен труд и член на рецензентска комисија за избор во звање **Активност бр. 45, 46, 47, 48** | 4 | 1 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **174** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1.** | Член на факултетско тело, комисија<br>**Активност бр. 50, 51, 52** | 3 | 2 | | | **6** |
| **2.** | Раководител на катедра<br>**Активност бр.49** | 1 | 4 | | | **4** |
| **3.** | Член на универзитетско тело<br>Член на Сенатот на УГД<br>**Активност бр. 53** | 1 | 5 | | | **5** |
| **4.** | Член на владино тело<br>**Активност бр.54** | 1 | 5 | | | **5** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **20** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **234** |